This project is funded by the European Union

**ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ**

**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ToR)**

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГА – ДИЗАЈН, ГРАФИЧКА ОБРАБОТКА И ПЕЧАТЕЊЕ НА ПУБЛИКАЦИИ И ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ**

## 1. ВОВЕД

Проектот е финансиран од Европската Унија, преку програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество", во рамки на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) 2021. Проектот е спроведуван од Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ) и Опции за здрав живот Скопје (ХОПС).

**Општа цел на проектот:** да придонесе во елиминирање на дискриминацијата и промовирање на еднаквоста со што ќе се овозможи унапредување на владеењето на правото и демократските институции во земјата преку дефиниран и имплементиран специфичен модел за собирање податоци и систем за мерење на дискриминацијата во транспарентен, инклузивен и партиципативен процес.

**Специфична цел на проектот:** изготвување и усвојување методологија за собирање податоци за мерење на дискриминацијата, вклучувајќи индикатори, интензивна работа на градење капацитети на одговорните институции и спроведување пилот тест на анкета на конкретна основа „Да се покаже дека функционира во пракса".

### 1. Очекувани резултати

- Воведен одржлив систем за собирање податоци за мерење на дискриминацијата како предуслов за креирање инклузивни политики.
- Зајакнати капацитетите на државните институции и другите релевантни чинители да собираат, евидентираат и обработуваат податоци за мерење на дискриминацијата.
- Развиени и тестирани алатки за собирање податоци на специфични заштитни основи и области.

**Целна група:** Министерство за труд и социјална политика, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Државен завод за статистика, други министерства и државни институции, јавноста, медиуми.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

Association for Democratic Initiatives

HEALTHY OPTIONS PROJECT SKOPJE

This project is funded by the European Union

**2.1 Цел на задачата:**

Услугата се состои од дизајн, графичка подготовка и печатење на публикации и промотивни материјали.

**2.2 Активности за исполнување на задачата:**

Од избраното студио за дизајн, графичка подготовка и печатење се очекува:

- дизајн, графичка подготовка и печатење на методологија за собирање податоци за мерење на дискриминација во земјата (публикација); дизајн, графичка подготовка и печатење на генеричка методологија за анкети (публикација), дизајн, графичка подготовка и печатење на извештај од анкета за дискриминација (публикација);
- дизајн, графичка подготовка и печатење на промотивен материјал (пенкала, тетратки, папки и торби и беџови).

**2.3 Специфични активности**

Услугата треба да опфаќа:

- Дизајн, графичка подготовка и печатење на методологија за собирање податоци за мерење на дискриминација во земјата (публикација):
  - Формат: B5;
    Број на внатрешни страни: 150 страници по јазик односно 300 страници вкупно;
  - Печат на внатрешни страни: двострано црно бело;
  - Хартија внатре: 80 гр. офсет бела;
  - Корица: Колор печатена еднострно на 300 гр. кунздрук, ламинирана;
  - Поврзување: со топло лепење;
  - Тираж: 300
- Дизајн, графичка подготовка и печатење на генеричка методологија за анкети (публикација);
  - Формат: B5;
    Број на внатрешни страни: 50 страници по јазик односно 100 страници вкупно;
  - Печат на внатрешни страни: двострано црно бело;
  - Хартија внатре: 80 гр. офсет бела;
  - Корица: Колор печатена еднострно на 300 гр. кунздрук, ламинирана;
  - Поврзување: со топло лепење;
  - Тираж: 100
- Дизајн, графичка подготовка и печатење на извештај од анкета за дискриминација (публикација):
  - Формат: B5;

This project is funded by the European Union

Број на внатрешни страни: 50 страници по јазик односно 100 страници вкупно;
- Печат на внатрешни страни: двострано црно бело;
- Хартија внатре: 80 гр. офсет бела;
- Корица: Колор печатена едностраноо на 300 гр. кунздрук, ламинирана;
- Поврзување: со топло лепење;
- Тираж: 100

- Дизајн, графичка подготовка и печатење на промотивен материјал (пенкала, тетратки, папки):
  - 550 пенкала (пластично со печат колор боја на една позиција);
  - 550 папки (А4+, на 350 гр. кунзрук, ламинирани штанцани);
  - 550 тетратки 14.8 x21 cm (А5, внатрешен дел 50 листа бланко, корица предна 4/0 бои со текст, корица задна бланко, спирала по горната страна;
- Печатање на промотивни материјали (торби):
  - 200 платнени торби со димензии 31x36 cm со рачки (колор печатена со името на проектот);

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1 Датум на започнување и период на спроведување на специфичните активности

Планиран период за реализирање на услугата е од потпишување на договорот до крајот на проектот, 28.02.2026 година.

### 3.2 Цена

Изборот на најповолен добавувач ќе се прави според принципот „најниска понудена цена“.

Трошоците паѓаат на сметка на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката“.

### 3.3 Начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено петнаесет дена по завршување и испорака на секоја од наведените услуги и по доставена фактура од страна на добавувачот.

## 4. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Начинот на кој можете да се пријавите детално е опишан во документот „Барање за прибирање на понуди“, кој е составен дел од тендерската документација.